Предговор

Мисијата за евангелизација на деца во Македонија (МЕД) е посветена на евангелизирањето на децата и на нивното поучување за пораката на спасението, како што таа е содржана во Библијата, Божјото Слово. Истовремено, сакаме да ја промовираме општата благосостојба, здравје и целосниот развој на секое дете, препознавајќи ја привилегијата и одговорноста што тоа ја носи за сите работници вклучени во организацијата.

Злоупотребата на деца, како и обвинувањата за злоупотреба на деца се случуваат често во денешното општество. Тоа е тажен факт на сегашнината. Факт е, исто така, дека верниците – христијани, исто како и поширокото општество, не се имуни на можноста да повредат деца. Значи, во различните служења, што ги вршиме како мисија, не можеме да бидеме задоволни, сè додека не се увериме дека сме направиле сè што е во нашата моќ за да ги заштитиме децата од какви и да било повреди, како и да ги заштитиме нашите работници и волонтери од лажни обвинувања. Тоа е причината за постоењето на оваа полиса.

Ние во МЕД сфаќаме и веруваме дека овој документ е неопходен, зашто, во овие времиња на социјални промени и променливи морални вредности, родителите ни ги доверуваат нивните деца за да ги одгледуваме, сигурно да ги згрижиме и да им дадеме мудро раководство. Затоа е императив да се воспостават упатства и практики кои ќе им дадат сигурност на родителите, децата и работниците. Оваа публикација не го поставува под прашалник интегритетот на децата, ниту на работниците. Таа е напишана како одговор на препораките на државните органи, како и нашата желба да понудиме и обезбедиме **ЕВАНГЕЛИЗАЦИЈА ЗАСНОВАНА ВРЗ ГРИЖА.**

Ние очекуваме дека секој работник, помошник или волонтер ќе ги прочита „Изјавата“ и „Полисата“ и ќе ги пополни приложените формулари „Декларација“ и „Доверлив прашалник“. Тие ќе бидат архивирани во локалната канцеларија на МЕД. По усвојувањето на оваа декларација, никој ќе нема право да учествува на каков било начин во активно-стите на „Мисијата за евангелизација на деца“, без задоволително да ги пополни тие формулари. Нам ни е жал што мора да преземеме такви чекори, но сме уверени дека тоа е најдобриот и најмудар пристап за сите кои на каков било начин се вклучени во оваа дејност.

Павле Костадинов

Национален Директор, МЕД

Ноември 2016 год.

Содржина

Предговор 1

Вовед 5

Конвенција на ОН за правата на децата 5

Македонски закони 5

Дефиниции 6

Родителска одговорност 7

Полиса за заштита на децата - изјава 8

Код на однесување 9

Општи принципи 9

Упатства за заштита на децата и раководителите / работниците 9

Телесен допир со децата 10

Заштитување на децата за да не се повредат самите 11

Одвоени средби со деца заради советување / раководство 11

Контактирање со децата надвор од настани организирани од МЕД 11

Лични односи 12

Упатства за надзор врз децата 12

Надзор врз децата при патувања / излети / екскурзии 13

Во јавност со децата 13

Раководство во однос на малтретирањето на децата од нивни врсници 14

Раководство во врска со современите технологии 14

Раководство во врска со вклучувањето деца со пречки во развојот 15

Очекувања од децата 15

Споделување информации 17

… со децата и младите луѓе 17

… со родителите 17

… со работниците и волонтерите 18

… со други организации / цркви 18

Начин на споделување информации 18

Процедури за пријавување загриженост 19
Назначена личност 19
Што се смета за злоупотреба на деца? 19
Проверка при постоење загриженост 20
Процедура за пријавување злоупотреба 21
Процедури за известување – откривање 21
Дополнителна помош 22
Шема за пријавување загриженост за дете 22
Процедури за соочување со обвинувања против раководител / работник 22
Обвинувања против назначената личност 23

Регрутирање и селекција 24
Вработени лица 24
Волонтери 25

Надзор, поддршка и тренинг 26
Воведен период 26
Тест-период 26
Надзор и поддршка 26
Тренинг 27

Принципи на добри практики 28
Упатства за различни служења 28
Клубови на добрата вест® и младински клубови 28
Петдневен клуб® 28
Други детски собирања 29
Курс „Ефективно поучување деца“ ™ 29
Клубови поврзани со празници и посебни пригоди 29
Подолготраен настан со преспивање 29
Упатство за превоз 30
Децата мора да ги знаат своите права 31

Процедура за соочување со обвинување против работник или против волонтер....32
Суспензија....32
Извештај до државните власти....32
Известување на родителот / старателот....32
Поддршка на работникот / волонтерот....32
Внатрешни дисциплински процедури....32
Давање совети на децата како да се заштитат од злоупотреби....33
Контакти....34

Пријава за помошник / волонтер....35

Изјава....37

Изјава на верата....38

Формулар за препорака....40

Формулар за „Ефективно поучување деца"....41

Информација за детето....42

Известување за обвинување или сомневање за злоупотреба....43

Вовед

Во светот во кој живееме денес, изразот:„Пуштете ги децата кај мене“ има ново, злокобно значење. Во Република Македонија речиси секоја недела се пријавуваат случаи на злоупотреба на деца, а уште поголема загриженост предизвикува тврдењето дека две третини од сите злоупотреби поминуваат непријавени.[1] Ова е проблем во целиот свет, па затоа во 1989 година Обединетите нации издадоа Конвенција за правата на децата која Република Македонија ја потпиша во 1993 година.

Конвенција на ОН за правата на децата

Конвенцијата на ОН е „збирка од минимални стандарди“ – најниски стандарди – „за заштита на правата на децата“. Таа е меѓународен договор кој обврзува, што Владата на Република Македонија го прифати и го потпиша во Обединетите нации и со тоа се обврза да им ги даде на децата правата и заштитата наведени во Конвенцијата. Според оваа конвенција, децата имаат права кои се однесуваат на:

- Разумен стандард за живеење;
- Заштита од насилство, злоупотреба и експлоатација;
- Заштита на децата кои не се згрижени во своето семејство, како и за тие кои имаат пречки во развојот;
- Право да го ползуваат својот јазик, да ја практикуваат својата култура и религија;
- Заштита на околината во која живеат децата.

Македонски закони

Во Република Македонија заштитата на правата на децата се остварува преку Законот за семејството[2], Законот за социјална заштита[3], како и Законот за правда на децата[4].

Во законот постојат пет основни принципи, кои имаат јасни импликации за сите лица кои се вклучени во работата меѓу децата и младината. Тие клучни принципи се следните:

Благосостојбата на детето мора секогаш да биде основа за да се донесе некакво решение кое ќе се однесува на него.

Родителска одговорност Родителите имаат одговорности кон децата, а не само права над нив.

---

1 http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/UNICEF_Sexual_Abuse_Study_MK_za_WEB(1).pdf
2 http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/zakon_semejstvo_osnoven.pdf
3 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/zakon_so_zastita_osnoven.pdf
4 http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=6690

Превенција	Ова се однесува на спречувањето состојби каде што децата без потреба се одвоени од родителите и семејствата. Исто така, се однесува на мерките кои државата ги презема за да ги заштити децата во нивните семејства, како и да помогне во зачувувањето на нивното здравје и благосостојба;
Партнерство	Ова ја поттикнува соработката меѓу родителите и другите агенции, како најефективен начин да се увериме дека се задоволени потребите на децата;
Заштита	Ова ја нагласува „одговорноста за грижа“ на сите работници кои работат со деца, за да пријават загриженост заради потребата од заштита на децата кај соодветните служби.

Имајќи ги предвид законските барања, мудро е ние, како Мисија, да направиме сè што е во наша моќ за да се увериме дека сме ги заштитиле децата со кои доаѓаме во контакт. Правејќи го тоа, родителите ги уверуваме во нашата посветеност на квалитетни и сигурни активности и тие ќе знаат дека сме посветени на тоа, колку што можеме да ги заштитиме децата кои ни се доверени од какви и да било повреди, додека се под наша грижа.

Овој документ ќе се обиде да воспостави јасни правила и процедури за сите редовно вработени работници и волонтери. Тој во себе вклучува и „Код на однесување“, што мора да го следат сите работници и волонтери. Кодот мора да се следи не само заради заштита на децата, туку и работниците да се заштитат себеси од обвинувања и злоупотреби. Божјото Слово нè потсетува да бидеме„мудри како змии и незлобни како гулаби“ (Матеј 10:16). Да бидеме такви заради децата.

Дефиниции

- **Дете** – секоја личност на возраст под 18 години.
- **Локален работник** / вработен – некој кој е вработен во МЕД во редовен работен однос;
- **Волонтер** - помошник – наставник / учител во„Клуб на Добрата Вест“, петдневен клуб / празничен клуб, член на тим, водач на младинци (тинејџери), помошник на камп.
- **Настан** – Секое служење што се извршува под името на МЕД. Тоа може да е активност од споменатите погоре, или некоја друга активност спроведена на локално или национално ниво.

Родителска одговорност

Подолу е запишано кој има (од правен аспект) родителска одговорност:

- **Природната мајка** секогаш има родителска одговорност (освен во случаи кога таа се откажала од тоа право и го дала детето на посвојување);
- **Природниот татко,** ако бил во брак со мајката пред да се роди детето, ако се оженил со мајката по раѓањето на детето, ако заедно го регистрирале раѓањето на детето – во сите тие случаи тој има родителска одговорност;
- **Судот** има право да постави старател на детето, кој ја има родителската одговорност.

Полиса за заштита на децата - изјава

МЕД во Република Македонија верува дека сите деца и млади луѓе треба да ги ползуваат просториите во сопственост на МЕД, клубовите и активностите што ги спроведува МЕД, без страв и без нанесување повреди. МЕД, со помош на сите вработени и персонал, како и со сите кои се волонтерски вклучени во активностите, ќе ги преземат сите соодветни чекори да ја обезбедат безбедноста и благосостојбата на децата и младите луѓе со кои работиме, без оглед на нивната раса, националност или вероисповед.

Ќе се потрудиме да ги заштитиме децата така што:

- Ќе усвоиме правила за заштита на децата, како и код на однесување за вработените и волонтерите;
- Ќе споделуваме информации за заштита на децата, како и информации за добри практики со децата, родителите и волонтерите;
- Споделување информации за одредени грижи и сомневања со агенциите кои треба да ги дознаат нашите грижи, како и соодветно вклучување на родителите и децата;
- Внимателно ќе ги спроведуваме процедурите за придобивање и избирање на вработените и волонтерите;
- Ќе обезбедиме ефективно управување за вработените и волонтерите, преку надзор, поддршка и тренинг.

Исто така, се обврзуваме во редовни интервали да вршиме ревизии на полисата и на добрите практики.

Код на однесување

Овој правилник на однесување мора редовно да се применува од работниците и волонтерите, вклучени во активностите на МЕД во Република Македонија. Овој правилник мора да се почитува дури и кога се наоѓаме во чувствителни состојби (на пример, кога се соочуваме со малтретирање деца од врсници, злоупотреба или други состојби).

Општи принципи

Сите деца треба да бидат ценети и почитувани како личности. Работниците треба да се достапни да ги ислушаат децата секогаш кога тоа е потребно.

Работниците се поттикнуваат да ги фалат децата за доброто однесување и да покажат доследност во нивниот пристап кон секое дете. Работниците треба да ги поттикнуваат децата да учествуваат во сите активности што се понудени и треба да ги забележат нивните достигнувања.

Работниците мора секогаш да работат со децата транспарентно и треба да преземаат мерки на претпазливост за да се уверат дека нема да се најдат со децата насамо, без никој да може да ги гледа. Запаметете дека доброто име не е секогаш добра заштита.

Од сите работници се очекува да бидат добри примери за децата и заедно да работат со раководството на МЕД на подобрување на безбедноста на децата, како и на обезбедување полезни активности за децата. Сите работници треба да се уверат дека активностите им се однапред планирани и дека децата имаат соодветен надзор во текот на целата програма – настан.

Мисијата за евангелизација на деца не дозволува ползување алкохол, тутун, енергетски пијалаци, злоупотреба на дроги / супстанции, ниту свесно уништување нечија сопственост во која и да било организирана активност, ниту од работниците / волонтерите, ниту од децата.

Упатства за заштита на децата и раководителите / работниците

Со цел да се спречи можноста да се дојде во состојба при која дете би било злоупотребено, како и да им се помогне на раководителите / работниците/ волонтерите да не бидат неосновано обвинети, важно е сите работници / раководители / волонтери да сфатат дека нема никаква смисла…:

- Да се поминува долго време насамо со едно дете / деца надвор од видокругот на другите.
- Да се превезува само дете во автомобил, без оглед на тоа колку е кратко патувањето. Ако тоа биде неопходно, тоа треба да се случува со целосно знаење и согласност на родителот / старателот, како и со знаење на личноста одговорна за настанот. Ако раководителот / работникот е во автомобилот сам со едно дете, тоа мора да седи на задното седиште.
- Ти да носиш само дете дома.

Никогаш не е дозволено …

- Впуштање во сексуално провокативни или груби физички игри (вклучувајќи го овде и„глупирањето“) – освен кога физичките активности се дел од структурирани спортски активности.
- Да се толерира, или да бидеме вклучени во несоодветно допирање од каков и да е вид.
- Да имаме непотребен телесен допир со децата.
- Да им дозволиме на децата да употребуваат несоодветен јазик, без да бидат предупредени за тоа.
- Да даваме сексуално сугестивни коментари за, или кон дете, дури и кога мислиме дека тоа би било само забава.
- Да дозволиме да не се разгледа и запише секоја поплака која ќе ја даде дете.
- Да правиме за децата нешта кои се од лична природа, а кои детето може да ги направи само.
- Да изградиме со дете однос во кој ние ќе ја злоупотребиме довербата.
- Да применуваме телесна казна или дисциплинирање, кои ќе претставуваат излив на гнев.

Телесен допир со децата

- Внимавајте кога и каде го допирате детето – на детето не смее да му пречи тој допир.
- За време на спортски игри е нормално да дојде до допир меѓу вас и детето. Секогаш имајте ги предвид вашата големина и сила, па ограничете го вашето вклучување во играта за да се уверите дека децата ќе бидат безбедни.
- Телесен допир заради утеха или охрабрување е валиден начин да ја изразите вашата грижа и желба да помогнете. Меѓутоа, овој допир е валиден само кога задоволува потреба што ја има детето.
- Телесен допир со кој треба да се утеши детето треба да има само ако детето се согласува со тоа.

Заштитување на децата за да не се повредат самите

- Понекогаш е потребно детето строго да се ограничи во вршењето на некаква активност за тоа да биде заштитено да не се повреди себеси или другите, или да нанесе штета на туѓа сопственост. Ограничувањето нема цел да нанесе болка, или да биде средство за контрола.
- Правилното применување на ограничувањата бара способност и расудување. Треба секогаш да се примени минимална сила за да се спречи повреда или нанесување штета. Раководителите никогаш не смеат да се обидат да ограничат дете насамо. Секогаш треба да има уште еден возрасен работник, кој ќе биде сведок или волонтер.
- Запаметете, ограничувањето треба да биде чин на покажување грижа и контрола, а не казна.
- Ако имало случај каде се преземени мерки за ограничување на некоја активност, за тоа треба да има запис во книгата во која се запишуваат несреќи / инциденти.

Одвоени средби со деца заради советување / раководство

- Одвоените средби со деца треба да се случат колку што е можно на појавно место.
- Ако има потреба од поголема приватност, имајте состанок во соба, чија врата ќе ја оставите отворена. Истовремено известете ги и другите раководители за средбата.
- За цело време додека трае средбата со детето, во просториите каде што се одржува состанокот мора да има најмалку уште еден раководител / работник.
- Ако разговорот / советувањето се случува на друго место, надвор од настан организиран од МЕД, тогаш добро е да не се оди сам/а. Работникот треба да го договори датумот за средбата, времето и местото, да ги сподели сите детали со одговорниот раководител и да побара дозвола од родителите / старателите на детето.

Контактирање со децата надвор од настани организирани од МЕД

- Неформалните контакти меѓу децата / младите луѓе може да се случуваат само со целосно знаење и согласност на родителите и работникот. Возрасните се одговорни за тоа да договорат датум, време и место, да ги известат родителите и да ја добијат нивната согласност;
- Не се препорачува каков и да било друг контакт / неформален состанок со децата во домовите на локалните работници.

Лични односи

Работниците кои имаат близок однос со други работници треба да се уверат дека личниот однос не влијае врз нивната вклученост во служењето на МЕД, ниту дека ќе ги доведе децата до потенцијално штетна состојба.

Упатства за надзор врз децата

- Кога ние сме одговорни за нив, децата никогаш не треба да бидат оставени без надзор.
- Раководителот кој е одговорен за настанот мора да е сигурен дека работниците кои ги надгледуваат децата се целосно способни да го направат тоа.
- При превезување деца, не смее да се случи возачот на автобус да биде одговорен за надзор врз децата.
- Децата секогаш се посигурни, ако ги надгледуваат најмалку двајца возрасни раководители.
- Работниците мора секогаш да знаат каде се децата и што прават.
- Сите активности во кои се употребува потенцијално опасна опрема, како, на пример, при планинарење, пешачење, пливање, спортови на вода, картинг, може да имаат потреба од дополнителен надзор и постојан надзор од возрасни раководители.
- Не смее да се дозволи децата да се однесуваат така со што се доведуваат себеси до опасни состојби.
- Ако имате волонтери кои се на возраст под 18 години, тие никогаш не смее да бидат поставени во улога на надзорници на деца.
- Минималниот сооднос кон кој се стремиме е еден возрасен работник на 8 деца.

Стандардните препорачани сооднос возрасни / деца се следните:

0–2 години	1 возрасен на 3 деца
2–3 години	1 возрасен на 4 деца
3–7 години	1 возрасен на 8 деца
8 и повеќе години	2 возрасни за најмногу 20 деца, со по еден возрасен работник за секои дополнителни 10 деца.

Сооднесот возрасни – деца, ако децата се со пречки во развојот, ќе зависи од потребите на групата деца.

Надзор врз децата при патувања / излети / екскурзии

Организаторот на патувањето треба во детали да планира програма и активности за децата кои се вклучени во проектот. Планирањето во себе вклучува и процена на ризиците.

Организаторот е одговорен за благосостојбата и безбедноста на децата во текот на целиот настан. Децата во никој случај не смеат да бидат оставени сами на себе, на пример, при излегување во град, или при прошетка во трговски центар. Кога се во прашање младинци, бидејќи тие имаат потреба од помал надзор, може да им се дозволи да шетаат без придружба на раководител, под услов да им се препорача да останат во групи.

Сите деца мора да се постојано под надзор, или да се вклучени во активности. Ако, поради некои причини, се прекинат планираните активности (на пример, поради временски услови), организаторот мора да има однапред планирани алтернативни активности.

Организаторот мора да добие писмена согласност од родителот / старателот пред да го земе детето на патување. Родителот / старателот треба да добие целосна информација за патувањето, со вклучени детали за програмата, настаните и активностите во кои ќе биде вклучено детето.

Во јавност со децата

- Кога сте со деца, размислувајте за тоа како изгледате во јавноста.
- Најважното нешто е безбедноста на децата.
- Не одете со детето насамо во тоалет. Ако е можно, со вас нека има уште еден возрасен.
- Не викајте и не бидете груби кон децата.
- Ако, поради некоја причина, се смени местото на одржување на настанот, родителите мора да дадат писмена согласност за нивното дете да биде таму и да учествува во програмата.
- Во случаите кога се оди на пливање, уверете се дека има одвоени машки и женски соблекувални. Во секоја соблекувална треба да има најмалку по двајца возрасни раководители кои ќе внимаваат на децата. Надзорот треба да е таков што раководителите нема да гледаат како детето се пресоблекува.

Раководство во однос на малтретирањето на децата од нивни врсници

Ние сме посветени на тоа да обезбедиме грижлива, пријателска атмосфера за сите деца под наша грижа. Малтретирањето на децата од нивни врсници е неприфатливо на настани организирани од МЕД, без оглед на тоа дали се работи за физичко, емоционално, расистичко, сексуално, вербално, или сајбер малтретирање.

Ако сепак се случи тоа, сите деца треба да знаат дека веднаш треба да го пријават инцидентот, и да им биде кажано дека раководителите ќе се соочат со инцидентот веднаш и ефективно. Тоа значи дека секој, кој знае дека се случува малтретирање, има обврска да му каже за тоа на одговорниот раководител. Во таквите случаи најважни се потребите на малтретираната жртва за кои треба да се погрижи раководителот.

Случаите на малтретирање мора да бидат испитани и забележани. Малтретирањето мора да се сопре веднаш. При сериозни случаи треба да се известат родителите / старателите и да се размисли за отстранување на личноста која малтретирала. Истовремено, прв чекор ќе биде давањето можност на личноста виновна за малтретирањето искрено да се извини и, ако е можно, да им се помогне на децата да се смират.

Откога одредениот инцидент е испитан, забележан и решен, секој случај ќе биде разгледан за да не се повтори во иднина.

Раководство во врска со современите технологии

Не е неопходно да постои општа забрана за употребување мобилни телефони, затоа што тие можат да бидат полезни при итни случаи. Сепак, нивното употребување за време на активностите не е дозволено.

Употребувањето мобилни телефони од децата во никој случај не смее да биде пречка за раководителите да можат да обезбедат безбедна околина и дисциплина, што ќе помогне целото нивно внимание да биде насочено кон тоа децата да бидат сигурни во сè што прават.

Контактирањето со деца (од раководител – / волонтер) на возраст под 14 години по телефон, СМС или е-пошта, не е дозволено. Основно правило е раководителите да не ги даваат нивните телефонски броеви (е-адреси) на деца на возраст под 14 години.

Употребувањето пцости, вулгарни слики или пораки на мобилни телефони не е дозволено од раководителите и ќе доведе до одземање на мобилниот телефон, кој ќе му биде вратен на родителот на крајот на активностите. За тоа ќе бидат известени и родителите на детето.

Без дозвола на родител / старател раководителите немаат право да фотографираат или снимаат видео со децата. Кога се прави тоа, треба да е јасна причината и целта за што ќе се употребат фотографиите.

Раководителите на МЕД немаат право на свои социјални мрежи -интернет да поставуваат фотографии – видеоснимки на деца, без дозвола од родител / старател. Исклучок е користењето групни фотографии, без именување на децата на нив.

Раководство во врска со вклучувањето деца со пречки во развојот

Организацијата има христијанска обврска да биде инклузивна и да им даде на сите деца, без оглед на ограничувањата, можност да учествуваат во различни активности.

Раководителите и работниците мора да се свесни дека децата со пречки во развојот се поподложни на разни злоупотреби. Исто така, дефиницијата за тоа што се смета за злоупотреба на лица со пречки во развојот е поширока.

Децата кои имаат пречки во развојот, како и тешкотии во учењето, се добредојдени на активностите на МЕД. Ние ќе се обидеме да работиме како партнери со детето, родителите и професионалните работници за да одредиме на кој начин можеме да го вклучиме детето во програмата. Истовремено раководителите и работниците мора да бидат информирани за посебните потреби на детето, како и да бидат поучени како да се соочат со предизвиците.

Ако децата имаат потреба од поголема грижа, ќе биде потребен поголем сооднос на раководители - деца.

Очекувања од децата

1. Да го почитуваат авторитетот на раководителите / работниците.
2. Да ги почитуваат ставовите и чувствата на другите деца, во текот на состаноците и активностите.
3. Да го почитуваат правото на секое присутно дете да ги искаже своите ставови и да има право да се искаже.
4. Следните однесувања се неприфатливи на кој и да било настан организиран од МЕД:
   - Употреба на алкохол, пушење, злоупотреба на дрога или слични супстанции.
   - Свесно и намерно уништување на сопственоста.
   - Физичка или вербална злоупотреба насочена кон раководителите, работниците и децата.

Сите водачи / работници треба да добијат копија од „Правилникот за однесување“. Секој родител, кој ќе го побара тоа, исто така има право да добие таква копија. Раководителите мора да бидат доследни во примената на овој правилник.

Споделување информации

… со децата и младите луѓе

Во согласност со Конвенцијата за правата на децата на ОН, децата имаат право на информации, особено имаат право на информации кои ќе им го подобрат животот и ќе им дадат поголема сигурност. На сите настани организирани од МЕД, децата / младите луѓе треба да бидат информирани за:

- Правилата и прописите поврзани со настанот на кој учествуваат, за нашите очекувања од нив, вклучувајќи го и тоа како очекуваме тие да се однесуваат кон други личности;
- Правилата и процедурите за противпожарна заштита (ако се бара такво нешто на местото каде што се одржува настанот);
- Сите места што можат да ги ползуваат на местото на настанот (на пример, тоалети, соблекувални, продавница…).
- Како и со кого можат да разговараат, ако нешто ги загрижува, ако имаат некаква поплака, страв и друго.

Овие информации, обично, ги дава организаторот на настанот пред неговиот почеток.

… со родителите

Родителите во секое време се одговорни за благосостојбата на нивните деца. Затоа треба да се сигурни дека децата ги доверуваат на веродостојна и грижлива организација.

Тие треба да се свесни за природата на односот на нивните деца со возрасните раководители, со кои би се спријателиле нивните деца. За да го поддржиме тоа, ние треба:

- Да дадеме јавна информација за нашите настани, на пример, преку посетување домови и објаснување што е„Клубот на добрата вест“, што е тоа петдневен клуб; да им дадеме на родителите повратна информација за тоа како поминал кампот; да имаме потпишана согласност од секој родител кој го пушта детето да престојува во камп.
- Да им објасниме на родителите дека имаме полиса за добри практики на нашите настани.
- Да им дадеме информација за тоа кај кого можат да се обратат, ако имаат некаква грижа или поплака.
- Да ги информираме дека имаме„Код на однесување“ кој важи за работниците и волонтерите вклучени во работата на МЕД.

… со работниците и волонтерите

Добрата информација ќе им помогне на вработените и волонтерите да знаат како да се соочат со итни состојби и во случаи кога е потребна заштита на детето. Информацијата ќе им помогне на сите да ги пренесат своите грижи и забелешки на соодветната личност во МЕД.

Затоа сите работници ќе поминат тренинг во врска со полисата и процедурите за заштита на децата, а тренингот ќе биде обновуван во редовни интервали.

… со други организации / цркви

Кога се соработува со други цркви / организации, како, на пример, за време на летни активности, треба однапред да се реши чија полиса за заштита на деца ќе важи за настанот. Ако црквата на која МЕД ѝ помага во летните активности има соодветна полиса, тогаш работниците и волонтерите на МЕД ќе работат според таа полиса. Ако црквата / организацијата нема таква полиса, ќе важи полисата на МЕД.

Во тој случај полисата на МЕД ќе биде обврзувачка за сите волонтери од црквата и сите тие ќе мора да ги пополнат релевантните формулари што се однесуваат на заштитата на децата. Истиот принцип важи и за резидентни програми организирани од други мисии / организации, во кои учествуваат работници на МЕД. По барање од споменатите организации, раководството на МЕД е обврзано да им достави копија од полисата која се однесува на заштитата на децата.

Начин на споделување информации

Кога се споделуваат информации треба да внимаваме на нивото на разбирање, зрелост и одговорност на личностите со кои споделуваме информации. На пример, споделувањето на полисата и процедурите пред децата ќе биде направено на начин соодветен на нивната возраст. Нашите вработени се свесни дека постојат ограничувања во доверливоста (на пример, ако детето пријави малтретирање од каков и да е вид, таа информација мора да им биде пренесена на соодветните органи).

Таа информација се чува целосно заштитена и на локално и на национално ниво, а пристап до неа ќе имаат само тие кои имаат потреба и дозвола за тоа.

Процедури за пријавување загриженост

Назначена личност

Назначената личност (НЛ) е личност во МЕД пред која треба да се донесат сите грижи, сомневања и пријави. Со НЛ може да се контактира во секое време за да се побара совет / водство.

Тогаш НЛ може да разговара за загриженоста / сомневањата / обвинувањата со социјалните служби, и, ако тоа е пригодно, да овозможи непосредна врска меѓу личноста која пријавува и социјалните служби. Не е неопходно за НЛ од прва рака да слушне за што се работи. Тоа ја исклучува можноста детето да мора да доживее трауматско искуство повеќе од еднаш.

Што се смета за злоупотреба на деца?

Следуваат дефиниции во врска со злоупотребата на деца; следните се неколку општо прифатени дефиниции:

Телесна злоупотреба: Намерно нанесување телесни повреди на дете, или свесно неспречување (односно негрижа) да се случи телесна повреда или страдање.

Емоционална злоупотреба: Постојано емотивно лошо однесување кон детето, што може да предизвика сериозен и траен ефект врз емоционалниот развој на детето. Тоа може да вклучува уверување на децата дека се безвредни, несакани, или дека се сметаат за вредни само кога ќе исполнат некои норми, или туѓи потреби.

Сексуална злоупотреба: Тоа вклучува принудување или наведување дете да учествува во сексуални активности, без оглед на тоа дали детето е свесно за тоа што се случува. Ова може да вклучува телесни активности, или бесконтактни активности, како, на пример, принудување дете да гледа порнографија.

Занемарување: Постојано неисполнување на детските телесни и / или психолошки потреби, за кои е многу веројатно дека ќе предизвикаат повреда. Тоа може да вклучи необезбедување соодветна храна, засолниште, облека и медицинска грижа.

Малтретирање од врсници: Само по себе тоа не е вид злоупотреба, но дете кое е малтретирано може да искуси многу од гореспоменатите злоупотреби. Ова малтретирање може да има различни облици, но најчести се:

- **Телесно** (на пример, удирање, клоцање, кражба);
- **Вербално** (на пример, наречување со навредливи имиња, расистички / секташки забелешки…);
- **Индиректно** (на пример, ширење озборувања);
- **Медиумско** (на пример, преку користење на социјалните мрежи, мобилни телефони итн.)[5].

Штетата нанесена поради малтретирање од врсници честопати не се проценува правилно.

Проверка при постоење загриженост

Ако нешто ви дава повод за загриженост, има неколку нешта што можете да ги направите за да проверите дали има место за загриженост.

- **Прашајте го детето.** Ако детето е повредено, можете да го прашате: „Што ти се случи?“ Ако детето е вознемирено, едноставно, прашајте го: „Што не е во ред?“ Тоа е доволно за детето да се отвори и да ви каже.
- **Прашајте ги другите работници.** Можеби другите работници имаат увид во ситуацијата и нивниот одговор ќе ви ги смири грижите, или, можеби, нивниот одговор ќе ви ги потврди причините за загриженоста.
- **Прашајте ги родителите или старателите.** Кога го враќате детето дома, или кога родителот / старателот ќе дојде да го земе детето, можете неформално да прашате: „Забележав дека денеска не беше како обично. Нешто ми беше тажно. Дали е сè во ред?“ Тоа ќе му даде можност на родителот / старателот да ве смири. Можеби проблемот е едноставен – умрело детското миленичe. Одговорот на родителот / старателот ќе ви биде раководство за тоа што да направите потоа.

Запаметете – не истражувајте. Ваша одговорност е да ја пријавите вашата загриженост на релевантната личност / институција, кои подоцна можат соодветно да се соочат со состојбата.

[5] Понекогаш, за „злоупотреба“ се смета и кога детето се принудува на питање, тешка работа и други слични нешта.

Процедура за пријавување злоупотреба

Несоодветно е да се запишуваат детали или сомневања за злоупотреба на дете во книгата што се води за забележување несреќи / инциденти. Затоа, ако имате некаква загриженост за дете:

- Пополнете го формуларот „Известување за обвинување или сомневање за злоупотреба". Обидете се да запишете колку што е можно повеќе податоци. Документирајте ја причината за вашата загриженост (на пример, модринка, летаргија, сексуални разговори неподобни за возраста на детето итн.). Овој формулар може да се добие од НЛ.
- Дајте ѝ го формуларот на НЛ која ќе разговара со вас за да појасни некои нешта кои се нејасни.
- Внимателно и тивко следете ја состојбата и пријавете кај НЛ, ако има промени. Уверете се дека сте ги запишале тие промени.
- Не расправајте јавно со другите работници за вашата загриженост, освен ако не мислите дека тие можат да ви помогнат да ја разјасните состојбата. Бидете дискретни.

Процедури за известување – откривање

Ако дојде кај вас дете и ви каже дека е злоупотребувано, постапувајте според упатствата дадени подолу, кои мора да се спроведуваат:

ПРАВЕТЕ	НЕ ПРАВЕТЕ
Останете **смирени**.	**Паника**.
Слушајте – и послушајте. Детето нека каже што сака.	**Поставување** прашања кои наведуваат, од типот: „Дали татко ти …"
Уверете го детето дека го направило правилното нешто со тоа што ви кажува за проблемот.	**Не ветувајте** дека тоа ќе остане ваша тајна.
Колку што е можно побрзо **запишете** сè што било кажано (за тоа постои формулар).	Не се распрашувајте за тоа како се случила злоупотребата.
Испратете **известување** до НЛ.	**Не терајте** го детето без причина да повторува што се случило.


Дополнителна помош

- Точно запишете ја дискусијата, колку што е можно побрзо по нејзиното завршување, дури и тогаш кога информацијата е таква што не ја разбирате целосно, или не сакате да ја запишете. Важно е таа информација да биде запишана! (Формулар 1 – „Известување за обвинување или сомневање за злоупотреба“).
- Запишете ги сите дискусии или дејства што сте ги презеле за 24 часа.
- Запаметете – информацијата може да биде споделувана само со тие кои мора да ја знаат. Сите грижи и податоци мора да се чуваат, колку што е тоа можно, како доверливи.
- Ако не е можно да контактирате со НЛ, контактирајте со националниот директор.

Шема за пријавување загриженост за дете

Процедури за соочување со обвинувања против раководител / работник

Во случај кога има обвинување против раководител или друг работник во МЕД, ќе се спроведе следната процедура:



- Пополнете го формуларот „Известување за обвинување или сомневање за злоупотреба“ и доставете го, колку што е можно побрзо, до НЛ. НЛ за случајот ќе го информира раководството на МЕД.
- Директорот ќе го информира раководителот / работникот за природата на обвинувањето, ќе му даде можност да одговори на обвинувањето и во целост ќе го забележи одговорот на обвинетата личност.
- За да се увериме дека ниедно дете не е изложено на непотребен ризик, раководителот / работникот ќе биде суспендиран од своето работно место, откога ќе бидат извршени консултации со релевантните државни органи.
- Веднаш треба да се известат родителите, откога од соодветните органи на власта ќе се добие совет за тоа како да се постапува понатаму. Притоа на властите им се доставува писмениот извештај поднесен од обвинетата личност, како и пополнетиот формулар.

Соодветните органи на власта ќе решат дали извештајот укажува на тоа дека е нанесена значителна штета и дали треба да се преземат натамошни мерки.

Многу е важно да се одржуваат блиски врски со соодветните органи на власта за да се увериме дека од МЕД не се преземени дејства кои би ја попречиле формалната истражна постапка.

Иако безбедноста на децата за нас има примарно значење, обвинетата странка мора да биде третирана со христијанска љубов и поддршка. Таа поддршка се дава во соработка со соодветните државни органи.

Обвинувања против назначената личност

Ако има обвинувања против назначената личност, за тоа мора да биде информирано раководството на МЕД. Тогаш формуларот „Известување за обвинување или сомневање за злоупотреба“ мора да биде предаден директно на раководството на организацијата колку што е можно побрзо. Раководството ќе се соочи со обвинувањата во согласност со процедурата објаснета погоре.

Регрутирање и селекција

Намерата на МЕД е да применува правилни процедури за регрутирање и селекција на сите кои сакаат да работат со Мисијата, без оглед на тоа дали се работи за вработени или за работници – волонтери. Целта на процедурите е да се забележат тие луѓе кои се неподобни за односната служба. Примери на формулари ќе најдете на крајот на овој документ. Процедурата за регрутирање и селекција е следната:

Вработени лица

а. Опис на работните задачи. Потенцијалниот работник ќе добие опис на задачите кои се очекува тој / таа да ги извршува.

б. Доверлив прашалник. Кандидатот ќе го пополни овој формулар, заедно со потпишаната „Изјава на верата" (Формулари А и Б).

в. Изјава. Кандидатот ќе го потпише формуларот (формулар Б) и со тоа ќе потврди дека тој / таа, никогаш не биле осудени за престап поврзан со деца. Исто така, мора да даде имиња и адреси на најмалку 2 лица кои ќе дадат референци за кандидатот.

г. Интервју. Кандидатот ќе има интервју со комитет, кој подробно ќе му ги објасни процедурите за заштита на децата.

д. Идентификација. Кандидатот мора да даде на увид документација со која ќе може да докаже кој е всушност тој. Тоа мора да е документ кој содржи матичен број.

ѓ. Референци. Се прифаќаат само писмени, потпишани референци од луѓе кои го познаваат кандидатот, но кои не се во роднинска врска со него.

Откога успешно ќе го помине гореспоменатиот процес, кандидатот може да биде примен за пробна работа на определено време и, ако покаже прифатлива работна етика, може да му се понуди постојана работа во МЕД.

Волонтери

При прифаќањето волонтери ќе бидат преземени следните постапки:

а. Писмен опис на работните обврски. Потенцијалниот волонтер ќе добие опис на обврските што се очекува да ги извршува тој / таа.

б. Пополнување формулари. Кандидатот ќе го пополни „Доверливиот прашалник“, формуларот за изјава и „Изјавата на верата“ (формулари А, Б и В).

в. Интервју. Локалниот работник, националниот директор, или член на комитетот, ќе се сретне со кандидатот. Разговорот треба да се однесува на описот на работните обврски и на процедурите за заштита на децата.

г. Ќе се провери идентитетот на кандидатот и ќе му бидат побарани референци.

д. Локалниот работник, како и локалниот комитет, ќе решат дали кандидатот е подобен за работата за која се јавува да ја извршува доброволно.

ѓ. Кандидатот кој ќе биде примен да помага во одредено служење, ќе го прави тоа во текот на 6 месеци и тогаш ќе се оцени неговата работа и можноста да продолжи да работи како волонтер.

ЗАБЕЛЕШКА: СИТЕ ВОЛОНТЕРИ КОИ ЌЕ РАБОТАТ СО МИСИОНЕРИ НА МЕД МОРА ДА ЈА ПОМИНАТ ИСТАТА ПРОЦЕДУРА.

МИСИОНЕРОТ Е ОБВРЗАН ДА КОНТАКТИРА СО НАЦИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР ЗА ДЕТАЛИТЕ ЗА ВОЛОНТЕРОТ, А НЛ ЌЕ СЕ УВЕРИ ДЕКА СЕ ИЗВРШЕНИ СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ ПРОВЕРКИ.

Надзор, поддршка и тренинг

Да се биде работник или волонтер меѓу децата истовремено е вредна работа која исполнува, како и работа полна со предизвици. Сите редовно вработени, како и волонтерите, ќе бидат добро информирани, подготвени, надгледувани и поддржани, за до минимум да се намали можноста да се случи да бидат вклучени во дејства кои може да доведат до повреда, или да бидат погрешно разбрани.

Воведен период

Како нови луѓе во работата, сите работници и волонтери ќе бидат информирани за обврските што треба да ги извршуваат. Тие ќе добијат тренинг во врска со поучувањето деца, како и воведен тренинг за полисата за заштита на децата, нејзините процедури, како и за „Кодот на однесување".

Тест-период

Не подоцна од шест месеци, откога работник / волонтер почнал да работи, ќе биде направен преглед на развојот на работникот како и неговата способност за извршување на зададените задачи и обврски.

Надзор и поддршка

Локалниот работник на МЕД има обврска да ги надгледува и да им даде поддршка на сите волонтери со кои соработува и навреме да ги информира за прашањата кои се однесуваат на заштитата на децата, како и за други нешта, кога ќе има потреба за тоа.

Волонтерите треба да се чувствуваат слободни да му пристапат на одговорното лице за да ги кажат своите стравови, грижи или согледувања, особено за работата во која се вклучени. Тоа ги вклучува сите нешта, вклучувајќи ги и нештата кои имаат практична природа – превоз, здравје, безбедност, содржина на програмата итн.

Надзорот и поддршката ќе имаат облик на редовни средби со волонтерите, како и неформални дискусии, кога за тоа има потреба.

За време на средбите може да се разговара за важните прашања, како и да се согледаат потребите од дополнителна подготовка. Потребите за подготовка ќе го вклучат развивањето на дарбите на волонтерот, без оглед на тоа дали тоа ќе се прави додека тој / таа ја врши работата, или преку организиран тренинг.

Националниот директор е одговорен, заедно со националниот комитет и назначената личност, да ги надгледува и поддржува локалните работници. Националниот директор

ќе се среќава со локалните работници најмалку еднаш годишно за со нив да разговара за важни работи, како и да ја процени работата во областа во која работи локалниот работник. На тие состаноци, меѓу другото, ќе се разговара и за прашања кои ја засегаат полисата за заштита на деца.

Тренинг

Тренингот е постојан процес, што почнува од почетокот на вработувањето на работникот и ќе вклучи:

- Подигање на свеста за заштитата на децата.
- Безбедност и заштита.
- Тренинг за конкретни способности.

Сите вработени и волонтери ќе имаат дополнителен тренинг за заштита на децата шест месеци по првиот тренинг.

Принципи на добри практики

Упатства за различни служења

Следуваат некои практични упатства за некои од нашите служења:

Клубови на добрата вест® и младински клубови

Локален работник. Тој мора внимателно да ја спроведува процедурата за избор на волонтери. Треба да го посети секој „Клуб на добрата вест“ најмалку еднаш на секои шест месеци, како и да биде во редовен контакт во текот на целата година со учителите во клубовите и младинските собирања. Ако „Клубот на добрата вест“, или младинското собирање, се одржува во црква, треба да се знае под чија полиса се одржува настанот. Одвреме-навреме е добро да се организираат работилници на кои ќе се зборува за работи поврзани со заштитата на децата.

Учител. Локалниот работник е тука за да помогне. Ако учителот сака да доведе во клубот надворешен говорник, или сака да има друг волонтер во клубот кој ќе работи заедно со него, за тоа треба да разговара со локалниот работник. Учителот треба да ги информира децата дека е таму за да им помогне, ако имаат потреба од помош, објаснува како треба да се однесуваат и децата и раководителите во клубот и што да прават децата во случај на опасност.

Учителот и волонтерите се обврзани да го спроведуваат кодот на МЕД во однос на однесувањето. Тоа е заради заштита на децата, но и на раководителите.

Кога децата се превезуваат до клубот, или до друг настан, учителот / волонтерите мора да се сигурни дека возилото е регистрирано, да избегнуваат во возилото да има повеќе лица од дозволеното и да се обидат да не се насамо со дете во возилото.

Петдневен клуб®

Организаторот на настанот треба претходно да го посети местото на одржувањето на клубот и, ако е можно, да ги информира родителите за тоа што ќе се случува таму. Состанокот и сите контакти со децата треба да се на отворено, каде што секој може да види што се случува. Децата треба да знаат дека можат да побараат да разговараат со раководителите, како и за тоа какво однесување се очекува од нив. Клубовите треба секогаш да се одржуваат на места каде што и децата и раководителите ќе бидат безбедни. Ако клубот / настанот го организира црква, треба да се знае под чија полиса се одржува настанот.

Други детски собирања

Секогаш, кога е можно тоа, пожелно е на децата да им се поделат формулари за согласност на родителите, во кои ќе биде нагласено местото и времето на одржување на настанот. Важно е програмата да биде добро организирана и да има доволно волонтери кои ќе помогнат во работата со децата. Разумно е да има сооднос раководители – деца 1:8, но е подобро кога тој сооднос е 1:6.

Децата треба да знаат дека можат да побараат да разговараат со раководителите, како и за тоа какво однесување се очекува од нив и од раководителите. Ако има деца на кои им е потребно советување, тоа треба да се направи колку што е можно на повидливо место.

Треба да се води регистар на посетеност (колку деца дошле тој ден), како и да се направи записник за секој инцидент што се случил. Пожелно е секогаш да се има кутија за прва помош.

Курс „Ефективно поучување деца“ ™

Колку што зависи тоа од нас, ќе се стремиме никој да не ја исползува квалификацијата за поучување деца, како можност за пристап до деца. Дипломата за завршен курс „Ефективно поучување деца“ се однесува на потврда на способноста на личноста да поучува, а не на нејзината подобност да поучува. Предлагаме секој студент кој сака да го помине курсот ЕПД да ја пополни декларацијата и да донесе две референци, пред почнувањето на курсот.

Клубови поврзани со празници и посебни пригоди

И за овие нешта треба да се спроведе истата процедура за регрутирање волонтери. Веднаш по настанот добро е да се посети домаќинот / домаќинката за да се добие информација за тоа како поминал настанот.

Подолготраен настан со преспивање

Треба да се одржи состанок со родителите за да се разговара за сите аспекти на програмата која вклучува преспивање. Секој родител треба да пополни формулар за согласност во кој ќе има и прашања во врска со здравствената состојба на детето.

Треба внимателно да се спроведе процедурата за регрутирање волонтери. Сите лица кои учествуваат во програмата треба да бидат повикани на состанок на кој ќе се распределат обврските на сите и на кој ќе им се даде тренинг во врска со процедурите за заштита на децата.

Кога се организира програма со преспивање, многу е важно:

- Да има соодветен надзор во секое време. Ова го вклучува и слободното време што ќе го имаат децата, како и добро планирање на сите активности.
- Децата да бидат свесни за нивните права, како и за однесувањето кое се очекува од нив.
- Ако некое дете се советува насамо, тоа треба да се направи колку што е можно на поотворено место.
- Мора да има дневник во кој се запишуваат сите инциденти. Тој дневник се враќа во националната канцеларија на крајот на резидентната програма.
- Организаторот мора во секое време да има на располагање кутија со прва помош.
- Мора да се направи „Процена на ризикот" за секој настан каде што постојат елементи на ризик. Во додатокот на ова упатство се наоѓа соодветниот формулар.

Упатство за превоз

Важи за работници и волонтери. Превезувањето деца со автомобил е чувствително прашање, зашто тие состојби честопати ги ползуваат луѓе кои сакаат да ги повредат децата, или како можност подобро да ги запознаат и да влијаат врз децата. Најдобра практика, ако е можно, е да се обидете да не превезувате деца насамо со автомобил. Понекогаш тоа е неизбежно. Еве неколку упатства кон кои треба да се придржуваме:

- Детето може да се превезува со автомобил исклучиво со согласност на родителот / старателот (на пример, до и од клубот, на излет).
- Детето притоа треба да се чувствува удобно.
- Возилото со кое ќе се превезуваат децата мора да биде регистрирано, а возачот мора да има возачка дозвола.
- Возачот треба да настојува да има најмалку две деца во возилото.
- Кога децата се превезуваат до нивните домови, подобро е да се менува распоредот за тоа кое дете ќе биде оставено дома последно. Уште подобро ќе биде, ако е можно, две деца да бидат оставени заедно на договорено место, на пример, во едно од семејствата.
- Пожелно е да се менуваат возачите кои ги разнесуваат децата.
- Возачот кај себе мора да ги има податоците за контакт со родителите на децата, за секој случај.
- Ако на детето му е непријатно да биде во автомобил со некој возрасен човек, тоа треба да знае на кого треба да му се обрати за да разговара за тоа.
- Во автомобилот може да има само онолку деца, колку што има празни места за седење. Не е пожелно „натрупувањето" деца.

- При превезување деца со автобус, во него мора да има најмалку двајца возрасни луѓе кои ќе вршат надзор врз децата. Пожелно е да бидат од различен пол и да не се во роднинска врска.

Овие упатства се даваат за да ве заштитат вас и децата од повреди или обвинувања. Колку што е можно, придржувајте се кон овие правила и упатства.

Децата мора да ги знаат своите права

На децата мора да им бидат кажани нивните права, особено кога се вклучени во активности на МЕД. Правата кои мора да ги споделиме при секое детско собирање се следните:

- Имате право да бидете безбедни, затоа од вас очекуваме да ги почитувате правилата кои придонесуваат за вашата безбедност.
- Имате право да бидете заштитени од секаква повреда. Ве молам да ми кажете, ако мислите / чувствувате дека некој ви се заканувал или ве повредил. Јас ќе ве ислушам и ќе се обидам да направам нешто во врска со тоа.
- Имате право на здравствена заштита – затоа треба да ни кажете, ако страдате од некаква болест. Родителите, исто така, мора да кажат за секој хроничен здравствен проблем.
- Имате право да ја практикувате својата религија, но, како што знаете, за време на нашите клубови / кампови, од вас се очекува да слушате поуки кои се однесуваат на христијанството. Подоцна имате право да разговарате за тоа што го слушавте со вашиот учител, без да се плашите дека тој / таа ќе ве разберат погрешно, или ќе ве осудат.
- Имате право кон вас да се однесуваат со достоинство, но и од вас се очекува да се однесувате со почит, како и да се однесувате кон другите на ист начин / со достоинство и почит.
- Имате право да го искажете своето мислење. На некои места во програмата ние и ќе ве поттикнуваме да го направите тоа. Тоа време ќе биде погодно за сите кои се вклучени во програмата. Ако ви треба повеќе време, договорете се со наставникот / учителот.

Процедура за соочување со обвинување против работник или против волонтер

Во случај да се поднесе обвинување против работник на МЕД, или против волонтер, ќе се спроведе следната процедура:

Суспензија

Најважно од сè е да се увериме дека ниедно дете нема да биде изложено на ризик. По консултациите со социјалните служби или полицијата, работникот / волонтерот треба да биде запознаен со природата на обвинувањето и треба да биде суспендиран од местото што го зазема. Тие ќе добијат можност да одговорат на обвинението, а нивниот одговор ќе биде запишан заедно со записот за инцидентот. Назначената личност или националниот директор имаат право да го суспендираат обвинетото лице. Државните органи ќе решат дали извештајот индицира дека на детето му е нанесена значителна штета и дали треба да се преземат законски мерки.

Извештај до државните власти

Извештајот ќе биде испратен до социјалните служби или полицијата, вклучувајќи го и одговорот на обвинувањето на работникот / волонтерот, во согласност со законските процедури.[6]

Известување на родителот / старателот

Родителите / старателите треба веднаш да се известат за инцидентот, притоа придржувајќи се кон препораките од државните органи за тоа како е најдобро да се направи тоа. Многу е важно да се одржуваат блиски врски со државните институции за да се увериме дека ниедно дејство што би го презела организацијата нема на никој начин да ја попречи формалната истрага.

Поддршка на работникот / волонтерот

Иако прифаќаме дека безбедноста на децата и младите луѓе кои ни се доверени се наша главна грижа, исто така, важно е да ги поддржуваме работниците и волонтерите, против кои се поднесени обвинувања. Поддршката што ќе им биде дадена треба да е соодветна на обвинувањето, по консултациите со државните власти.

Внатрешни дисциплински процедури

МЕД ќе спроведе и свои дисциплински процедури. МЕД ќе мора да донесе решенија и ќе дејствува соодветно, врз основа на претставените факти. Ако резултатот на тие процедури доведе до отпуштање на работникот, мора да се известат соодветните државни служби кои водат регистар за лица кои се обвинети за злоупотреба на деца.

[6] http://redbutton.mvr.gov.mk/ иако ова не е единствениот начин. За повеќе информации прочитајте ги законите споменати погоре во текстот.

Давање совети на децата како да се заштитат од злоупотреби

Ние можеме да ги информираме децата за тоа како можат да се заштитат себеси од злоупотреби. Подолу се запишани некои нешта кои можеме да им ги кажеме на децата, кои ќе им помогнат да се заштитат, а притоа да не ги преплашиме, или да ги направиме сомничави кон секојдневните нормални изрази на љубов и грижа. Поуките вклучуваат објаснувања на децата како:

Да се сигурни дека никој никогаш нема право да им го одземе тоа основно право.

Да кажат НЕ, ако некој, дури и ако тој е познат, се обиде да ги допре на начин кој ги плаши или збунува.

Да се соочат со врсниците кои сакаат да ги малтретираат: ако е можно, да ги игнорираат; да побараат помош од возрасен човек; секогаш да му кажат на возрасен човек кога ќе се случи такво нешто.

Да кажат Да се уверат дека возрасните луѓе ќе им веруваат и дека треба да знаат за проблемите, за да можат да им помогнат.

Да не чуваат тајни Има тајни кои не смее да се чуваат и дека никој, дури и ако личноста е некој кого го познаваат, никогаш не смее да побара од нив да чуваат во тајност бакнеж, прегратка или допир.

Да викаат Во ред е да се вика и да се побара помош, дури и на тивки места, ако мислат дека се во опасност, или дека некој ќе ги повреди. Треба да се научат како да викаат – ако се во опасност, да викаат гласно.

Да трчаат и да побегнат кога мислат дека се во опасност – како да препознаат и како да постапат кога им пристапува туѓинец – вклучувајќи и соочување со измами и поткупување.

Да имаат код Збор или знак со родителите кој, во случај на потреба, ќе биде сигнал и кој ќе значи дека ќе можат да му веруваат на тој кој разговара со нив.

Контакти

Ако имате какви било прашања во врска со оваа полиса, или сте на некој начин несигурни за тоа што да направите во одредена состојба, ве молиме обратете се на:

МЕД во Македонија

Бул. АСНОМ 60-1/5 1000 Скопје

тел. 02-2432-600

е-маил: kostcef@gmail.com

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Пријава за волонтер

Лични информации:

Име и презиме: .....

Адреса: .....

.....

Црква: .....

Пастор: .....

Брачна состојба: .....

Имате ли некаков здравствен проблем кој може да ви пречи во работата со деца и младинци? ☐ Да ☐ Не

Ако одговорот е „да“, објаснете: .....

.....

Служење:

Верувате ли дека децата можат да поверуваат во Исус како Спасител?

.....

Зошто сакате да работите со деца / младинци?

.....

Опишете какво искуство имате во работата со деца / младинци:

.....

.....

Дали имате искуство во некој друг вид волонтерска работа?

.....

.....

Образование:

Дали досега сте имале некаков тренинг за работа со деца или млади?

.....

Дали сте подготвени да поминете тренинг за вклучување во работа со МЕД?

.....

Разбирам дека МЕД е интерденоминационална организација и дека и работниците и волонтерите во текот на сите настани организирани од МЕД, не смеат да поучуваат, ниту да пропагираат доктрини кои се контроверзни во црквите.

Се согласувам со оваа полиса и изјавувам дека моите верувања се во согласност со „Изјавата на верата“ на МЕД.

Датум: ..... **Потпис:** .....

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Изјава

Ве молиме да ја пополните читливо, со печатни букви.

Вие ја разбирате големата одговорност кога се работи со деца и млади луѓе, како и желбата да се обезбеди нивната благосостојба и безбедност. Затоа ве молиме да ја потпишете оваа изјава.

Изјавувам дека не сум бил / а вклучен / а во каква било активност во која дете било злоупотребено, телесно, емотивно или сексуално.

Изјавувам дека против мене не се води постапка за криминални активности.

Се обврзувам да се грижам за децата и младите луѓе за кои сум прифатил / а одговорност.

Име и презиме: ..... . Потпис: ..... .

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Изјава на верата

НИЕ ВЕРУВАМЕ

А. **Дека „Целото Писмо е од Бог дадено“,** при што ја подразбираме целата книга наречена БИБЛИЈА; дека е без грешки во оригиналниот текст и дека нејзиното учење и авторитет се апсолутни, сеопфатни и конечни. Дека Светиот Дух ги водел светите луѓе од минатото во сè што напишале. 2 Тим. 3:16; 5 Мојс. 4:2; 2 Пет. 1:21.

Б. **Божеството постои вечно во три личности - Таткото, Синот и Светиот Дух.** Трите личности се еден Бог, имајќи иста природа, атрибути и совршенство. Рим. 1:20; Мат. 28:19; 5 Мојс. 4:35; Јов. 17:5.

В. **Во Личноста и Божеството на Господ Исус Христос,** зачнат од Светиот Дух, роден од девица Марија, навистина Бог и навистина човек. Јов. 1:1; Јов. 1:14; Јов. 10:30; Мат. 1:20; Лука 1:30-31; Фил. 2:5-7; 1 Тим. 3:16; Кол. 1:19.

Г. **Во Личноста и Божеството на Светиот Дух,** изворот и моќта на сето прифатливо славење и служење, непогрешниот Толкувач на непогрешното Слово, Кој се вселува во секој вистински верник, и Кој е постојано присутен да сведочи за Христос, сакајќи да нè исполни со Него, а не со нас и нашите искуства. Јов. 15:26; Дела 5:3-4; Дела 1:8; Рим. 8:26-27; 1 Кор. 2:12,14; Рим. 8:9; 1 Кор. 3:16; 1 Кор. 12:13; Јов. 16:13-14.

Д. **Дека човекот беше создаден според Божјото подобие, сличен на Него, како што е нагласено во Словото Божјо, но целиот човечки род падна со паѓањето на првиот Адам.** Не само што неговата морална природа беше повредена со паѓањето, туку тој наполно го изгуби сиот духовен живот, станувајќи мртов во престапи и грев, покорен под моќта на ѓаволот. „Бидејќи телесното мудрување е непријателство против Бог; на законот Божји тоа не му се покорува, ниту, пак, може. А оние, кои живеат според телото, не можат да му угодат на Бог“ (Рим. 8:7-8). Затоа, тој не може да го види, ниту да влезе во царството Божјо сè додека не се роди повторно преку Светиот Дух. Дека никакво ниво на преобразба, колку и да е големо, никаква морална чистота, колку и да е висока, никаква култура, колку и да е привлечна, никакви хуманитарни и филантропски шеми и општества, колку и да се полезни, ниту, пак, крштавање, или, пак, други таинства, како и да се извршени, не можат да му помогнат на грешникот да направи ниеден чекор кон небото; само новата природа, дадена озгора, само нов живот засаден од Светиот Дух преку Словото е апсолутно неопходен за спасение. 1 Мојс. 1:26:27; Рим. 5:12; Еф. 2:1-3; Јов. 3:3,6,7; Тит 3:5.

Ѓ. **Дека Исус Христос стана замена за грешникот пред Бог и умре како жртва помирница за гревовите на целиот свет.** Дека беше направен клетва за грешникот, умирајќи за неговите гревови според Писмото, така што никакво покајание, чувства, вера, добри решенија, искрени напори, потчинување на правилата и законите на која било црква не можат ниту малку да додадат на вредноста на скапоцената крв, или, пак, да земат врз себе и најмалку од вредноста на таа завршена работа што ни е дадена нам преку Него, кој вкуси смрт за секој човек. Рим.5:8; 1 Јов.2:2; Евр.2:9; Гал.3:13; Рим.4:4-5; Рим.3:25; Кол.1:13, 14, 20, 21.

Е. **Во воскресението на распнатото тело на Исус Христос;** дека Неговото тело беше подигнато од мртвите, според Писмото. Дека се вознесе на Небото и седна од десната страна на Бог, како првосвештеник и застапник на верникот. Лука 24:39; Дела 1:10-11; Еф.4:10; Евр.1:3; 1 Јов.2:1.

Ж. **Дека Христос, во полнотата на благословот што го обезбеди Тој со својата смрт и воскресение, се прима само со вера,** и дека во моментот кога ќе поверуваме во Него како во наш Спасител поминуваме од смрт во вечен живот, оправдани од сè, прифатени пред Отецот според мерата на Неговото прифаќање, возљубени како што е возљубен Тој и направени едно со Него. Во моментот на прифаќање на Христос како Спасител, Тој се вселува во верникот и преку него го живее Својот

живот на светост и моќ. Евр.9:15; Јов.5:24; Рим.3:28; Рим.4:3; 23-25; Еф.1:3; Јов.17:23; Гал.2:20; Гал.4:6-7; Гал.5:16; Дела 1:8.

З. **Дека Црквата е составена од сите луѓе кои навистина веруваат во Господ Исус Христос како Спасител.** Тоа е телото и невестата Христова. Дека секој верник, било Евреин или безбожник, е крстен во телото Христово со Светиот Дух. Станувајќи така членови еден на друг, одговорни сме да го зачуваме единството во Духот како залог на мирот, издигајќи се над секташките предрасуди и деноминационалните тесногради, горливо со чисто срце имајќи љубов еден кон друг. Еф.2:19-22; Еф.1:22-23; Еф.5:25-27; 31-32; 1 Кор.12:13; Рим.12:4-5; Еф.4:1-3; 1 Кор.1:10.

S. **Дека сите верници во нашиот Господ Исус Христос се повикани во живот на одвојување од световните и грешни обичаи;** дека треба да се воздржуваат од практики и навики што ќе бидат за сопнување на други, или, пак, ќе доведат до срамотење на крстот Христов. Верниците се создадени во Исус Христос за вршење добри дела. „И така, додека имаме време, да им правиме добро на сите, а најмногу на своите по вера“ (Гал.6:10).1 Јов.2:15-16; Рим.14.13; Рим.13:14; 1 Кор.10:31; Еф.2:10.

И. **Во евангелизирањето на светот:** дека основната мисија на Божјите луѓе во овој свет е да го проповедаат Словото на секое создание. Дека особено внимание треба да се посвети на евангелизирањето деца. Мк.16:15; 2 Кор.5:18-19; Мат.18:14.

J. **Во личното враќање на нашиот Господ и Спасител Исус Христос:** дека повторното доаѓање на Исус Христос е „блажената надеж“ ставена пред нас, за која треба да сме во постојано очекување. Нашето живеење е на Небото, од каде што чекаме на Спасителот, Господ Исус Христос (Фил.3:20). Дела 1:11; 1 Сол.4:16-17; Јов.14:1-3; Тит 2:13; Фил.3:20-21.

К. **Дека душите на оние кои поверувале во Господ Исус Христос за спасение во моментот на смртта одат во Негово присуство** и таму остануваат во свесна радост додека не се случи воскресението на телата, при Неговото доаѓање, кога душата и телото, повторно обединети, ќе бидат засекогаш со Него во слава. Лука 23:43; Кор.5:8. Лука 16:22,25; Фил.1:23; 1 Сол. 4:15-18.

Л. **Дека душите на изгубените, по смртта остануваат во беда до последниот суд пред големиот бел престол,** кога душата и телото обединети при воскресението ќе бидат фрлени во „Огненото езеро“, што е „втората смрт“, за да бидат „со вечна погибел казнети од лицето на Господа и од славата на Неговата моќ“ (2 Сол.1:8-9). Лука 16:22-23, 27-28; Евр.9:27; Откр.20:5,11-15; 2 Сол.1:7-9.

Љ. **Во реалноста и личноста на Сатаната, „старата змија, наречена Ѓавол, и Сатана, која го измами целиот свет“** (Откр.12:9). Еф.6:11-12; 1 Пет.5:8; Откр.20:10.

Потпис : …… **Дата:** ……

Адреса:……..

Црква:……..

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Формулар за препорака

Ве молиме да го пополните формуларот со печатни букви

.....изрази желба да биде волонтер во активностите на МЕД и го даде вашето име како лице кое може да даде препорака. Оваа позиција вклучува пристап до деца. Како организација посветена на благосостојбата и заштитата на децата, ние сакаме да знаеме, ако имате каква било причина, да изразите загриженост за волонтерот да има контакт со деца или млади луѓе.

☐ Да ☐ Не

Ако одговорот е „да", ќе контактираме со вас во доверба.

Сите информации на овој формулар се доверливи и ќе бидат споделеми исклучиво со работникот со кој ќе работи волонтерот. Ве молиме да бидете целосно искрени во вашата процена на личноста.

Колку долго ја знаете личноста? .....

Во кое својство? .....

Кои особини ги има оваа личност, кои ја прават погодна да работи како волонтер во МЕД?

.....

Како би ја опишале личноста? .....

.....

Ве молиме да ја оцените личноста според набројаните карактеристики:

	1	2	3	4	5
Одговорна					
Зрела					
Мотивирана					
Христијанско однесување					
Посветеност					
Подготвена да учи					
Доверлива					
Постојана					

Име на личноста која ја дава препораката: .....

Потпис: ..... Датум: .....

Формулар 5

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Курс „Ефективно поучување деца”

Ве молиме да го пополните формуларот со печатни букви

„Мисијата за евангелизација на деца“ е најголема детска мисија во светот. Курсот ЕПД е меѓународно препознаен тренинг и квалификација за работа меѓу деца. Како организација посветена на благосостојбата и заштитата на децата, не сакаме некој да ја исползува таа квалификација за да добие пристап до деца. Затоа од секој студент бараме да обезбеди две препораки пред да го почне курсот. Студентот го даде вашето име како личност која ќе даде препорака за него и затоа ќе бидеме благодарни, ако го пополнете овој формулар. Сите информации се строго доверливи.

Име на студентот: .....

Адреса: .....

Колку долго ја знаете таа личност? .....

Во кое својство? .....

Како би го опишале студентот како личност? .....

Како би го опишале христијанското однесување на студентот?

.....

Дали тој / таа дозволуваат да бидат поучени? .....

Како тој / таа се поврзуваат со деца? .....

Имате ли каква било причина да изразите загриженост за студентот, ако има контакт со деца или млади луѓе? ☐ Да ☐ Не (Ако одговорот е „да“, ќе контактираме со вас во доверба.)

Име на личноста која ја дава препораката: .....

Адреса: .....

Потпис: ..... Датум: .....

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Информација за детето

Ве молиме да го пополните формуларот со печатни букви

МЕД целосно е посветена да ја зачува благосостојбата на сите деца кои ги посетуваат клубовите. За таа цел треба да добиеме некои информации за вашето дете. Ќе ви бидеме благодарни, ако го пополните овој формулар и го вратите на учителот – работникот.

Име на клубот: ..... Име на учителот: .....

Адреса: ..... телефон: .....

Ако вие или вашето дете имате некои забелешки за тоа како е организиран клубот, или не се согласувате со некој аспект во врска со безбедноста или благосостојбата на детето во него, ве молиме контактирајте со канцеларијата на МЕД:

Име на детето: ..... Возраст: .....

Домашна адреса: ..... телефон: .....

Вашата роднинска врска со детето: .....

Дали вашето дете има здравствен проблем, за кој сметате дека учителот треба да знае? Ако одговорот е „да“, ве молиме дајте повеќе информации.

.....

.....

Во текот на клубот децата ќе пеат и ќе пишуваат. Обично, децата уживаат во тие активности, но ние сме свесни дека има деца кои имаат проблем со учењето, со гледањето, со слушањето. Сакаме да избегнеме детето да се чувствува засрамено и да му овозможиме да ужива во клубот, затоа ве молиме, ако вашето дете има такви проблеми, да го информирате учителот.

Име на личноста која нормално го зема детето од клубот: .....

Ве молиме да го потпишете овој формулар како дозвола детето да присуствува во клуб.

Име на родителот / старателот: .....

Потпис: ..... Датум: .....

МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗЦИЈА НА ДЕЦА во МАКЕДОНИЈА

Известување за обвинување или сомневање за злоупотреба

Ве молиме да го пополните формуларот со печатни букви

Лични податоци за детето:

Име на детето: .....

Адреса на детето: .....

Некои специјални фактори: .....

.....

Име на родителот (родителите): .....

Домашна адреса: .....

Домашен телефон: ..... Телефон на работа: .....

Личност која го пополнува извештајот:

Име на вработениот / волонтерот: .....

☐ Давам извештај за мојата загриженост. ☐ Пренесувам туѓа загриженост.

Ве молиме да запишете детали за конкретни инциденти кои ве натерале да се загрижите (вклучете знаци кои се телесни, но и знаци како, на пример, промена на однесувањето, индиректни знаци; запишете датум, време и сл.)

Дали детето требаше да добие медицинска помош? Ако одговорот е „да“, запишете ги деталите. .....

.....

Дали е разговарано со детето? Ако одговорот е „да“, запишете што било кажано – зборувано. .....

.....

Дали е направен контакт со личноста која има родителска одговорност? ☐ Да ☐ Не

Запишете ги деталите што сте ги споделиле.

.....

Запишете ги деталите што се однесуваат на личноста против која е поднесено обвинување.

.....

Со кој друг сте се советувале за случајот? Запишете ги имињата и датумот кога се случило тоа.

.....

Потпис: ..... Датум: .....

Процена на ризик

Име на настанот:	Датум на одржување:	Одговорно лице:

Идентификувани опасности и ризици:	Ризикот се однесува на: (децата – раководителите…)	Како ќе се контролира ризикот? Какви други контроли се потребни?	Име на личноста одговорна за контрола.	Датум и што е направено?

Потпис: .....

Процена на ризик - пример 1

Име на настанот:	Датум на одржување:	Одговорно лице:
Петдневен клуб.	*21 јули 2016*	*Јован*

Идентификувани опасности и ризици:	Ризикот се однесува на: (децата – раководителите…)	Како ќе се контролира ризикот? Какви други контроли се потребни?	Име на личноста одговорна за контрола.	Датум и што е направено?
Измет од кучиња	*Децата и раководителите.*	*Раководителите секој ден ќе ја исчистат областа од кучешки измет.* *Ако не може тоа да се реши мирно, ќе се повикаат одговорните органи (полиција).*	*Водачот и волонтерите во клубот.*	*Проверка се врши секој ден.*
Личност која минува покрај групата која пречи и се заканува.	*Децата и раководителите.*	*Ќе ја игнорираат личноста и нема да ѝ обраќаат внимание. Ако личноста застане и се заканува, ќе ѝ објасниме дека имаме право да сме таму.*	*Водачот на клубот.*	*Проверка се врши секој ден.*
Сообраќај на улицата.	*Децата и раководителите.*	*Ќе го поместиме собирањето подалеку од патот. Раководителите мора да внимаваат. На децата да им се каже за опасноста.*	*Водачот и волонтерите во клубот.*	*Проверка се врши секој ден.*

Потпис:.....

Процена на ризик - пример 2

Име на настанот:	Датум на одржување:	Одговорно лице:
Неделно училиште	*21 август 2016*	*Јованка*

Идентификувани опасности и ризици:	Ризикот се однесува на: (децата – раководителите…)	Како ќе се контролира ризикот? Какви други контроли се потребни?	Име на личноста одговорна за контрола.	Датум и што е направено?
Столови наредени на едниот крај на салата.	*Децата кои седат на нив додека чекаат за почне часот.*	*Нема контрола.*	*Водачот на неделното училиште.*	*Ќе разговарам со домарот да видам дали може да се преместат столовите на друго место.*
Излезот во случај на пожар е затрупан со мебел.	*Децата, водачите и помошниците, ако избувне пожар.*	*Нема контрола.*	*Водачот на неделното училиште.*	*Ќе разговарам со црковниот одбор за да им укажам дека опасноста во случај на пожар не е само за нас, туку и за секој друг кој ќе ја користи салата.*

Потпис: .....